Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години Основана 1922

Број 466 www.mchamber.mk 10.9.2021

ПРОЕКТИ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ НА КОМПАНИИТЕ

## ПОТРЕБНИ ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ЗА ДА СЕ СТИМУЛИРА ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ



# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ · EVN · vitaminka · NLB Banka · GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION

IGM trade · T · · · МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР · ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · Gulf

ПЕКАБЕСКО · euro Nickel INDUSTRIES · nextsense · VERO сè на едно место · КОЖУВЧАНКА · MERMERE Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel · ОКТА · РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ

RADE KONČAR-TEP · A1 · seavus www.seavus.com · ZAN MITREV CLINIC

СЕМОС · CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ · HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна

scalefocus · ДЕ-НИ · cargo-partner · Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин · SPARKASSE BANK · Ultra! · SMELT-ING

VEZESHARRI · SOCOTAB Leaf tobacco · Swisslion · AllianceOne

достапни насекаде ...



**Посетете не’ на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# САЕМ НА КНИГАТА 2021

Под мотото„Безбедни саеми", Саемот на книга е првата саемска манифестација која се одржува оваа година.

Поради безбедноста и оваа година Саемот на книга ќе се одржува на отворен простор кај А1 Арената„Борис Трајковски" во Скопје, односно поточната локација е кај Аква паркот.




Овој 32-ти Саем на книга ќе се одржи од 8. до 14. септември, согласно сите здравствени протоколи за заштита на јавното здравје (носење маска, држење дистанца од 2 метра и дезинфекција), со тоа што при влез на саемот потребно е посетителите да прикажат сертификат за вакцинација или сертификат за прележан КОВИД-19 за сите лица над 18 години.

Саемот на книга оваа година се одржува по наслов "Читањето може да е опасно ... Добро!" и е поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија и Град Скопје. Истиот е организиран во соработка со Македонската асоцијација на издавачи, Здружението на издавачите и книжарите на Македонија – ЗИКМ, Здружението на албанските издавачи од Македонија и Сојузот на албански издавачи во Македонија.

И оваа година се најавува понуда на голем број домашни и странски автори, странска литература, стручна, научна и белетристичка литература, книги за млади и деца. Најавените над 60 издавачки куќи најавуваат претставување на своите најнови изданија и големи саемски попусти до 70%.

И покрај ограничувањата кои се воведени поради пандемијата, се очекува посетата на саемот да биде на очекуваното ниво од повеќе од 20.000 посетители кои ќе може да уживаат во добрата книга.

# Главни поенти од излагањето на потпретседателот на Комората д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска на панелот за “Јавни и приватни инвестиции и конкурентост”




Од Првата годишна конференција на тема:„Економско заздравување и раст по Ковид“ во рамки на „Економски и финансиски форум“, одржана во организација на Министерството за финансии

Главни поенти од излагањето на потпретседателот на Комората д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска на панелот за “Јавни и приватни инвестиции и конкурентост”

Секогаш кога настапуваме како Комора настапуваме во име на бизнис заедницата и цениме дека имаме репрезентативност со оглед и на тоа што секој трет вработен во приватниот сектор во нашата земја е вработен кај компанија-членка на нашата Комора (33,7%), половина од вкупниот приход во приватниот сектор го генерираат компании членки на нашата Комора (50.3%) и речиси половина од нето добивката во приватниот сектор ја генерираат компании-членки на нашата Комора (48%). Тоа ни дава за право да предлагаме мерки и решенија кои ќе бидат во интерес на нашите компании.

Како може приватниот сектор да биде повеќе вклучен во зголемување на инвестициите и на кој начин според нашата Комора може да се постигне тоа?

Инвестициите се клучот за заздравување на македонската економија во периодот на пандемија, но подолгорочно и за остварување на неопходните стапки

на раст на БДП од над 5%, со цел да се оствари побрза конвергенција со дел од земјите од ЕУ.

Добро е што Владата на РСМ најави циклус на нови инвестиции од над 8,2 милјарди евра. Согласно Зелениот договор за земјите од ЕУ и нашата земја се приклучува кон определбите за заштита на животната средина, проекти за зелена економија, енергетска ефикасност, дигитализација и сл. Како и досега, како Комора будно ќе ја следиме реализацијата и ќе настојуваме да ги искористиме сите потенцијали за вклучување на приватните фирми во овие проекти.

За да може приватниот сектор да ги реализира најавените инвестиции, освен внимателното дизајнирање на мерките за борба против пандемијата, треба да се решат и децениските системски слабости кои влијаат врз конкурентноста на македонската економија: висината на парафискалните давачки, недоволната ефикасност на администрацијата и на централно и на локално ниво, посебно во однос на изадавање на одобренија за градба и разни други документи од кои зависи реализацијата на инвестициските проекти, подобрувањето на патната и железничката инфраструктура, како и олеснувањето на протокот на камиони низ границите. Дел од овие предизвици се во тек на решавање, но значајно е посебно во овие тешки услови за фирмите, да се забрзаат овие процеси за да се реализира потенцијалот за приватни инвестиции.

Многу значаен е факторот на квалитетна работна сила. Последните заеднички активности на Владата на РСМ и СКСМ помогнаа драстично да се зголеми бројот на компаниите кои партиципираат во дуалното образование, на 211 компанија, што е чекор во вистинска насока. Следната фаза на развој на македонската економија ќе зависи од квалитетот на работната сила и затоа е важно да се зголеми бројот и посебно квалитетот на работниците и техничкиот кадар како за домашните фирми, така и за странските инвеститори. Затоа СКСМ ќе продолжи и понатаму суштински да придонесува за развојот на дуалното образование во РС Македонија.

Неопходно ќе биде во наредниот период континуирано да се преземаат активности кои ќе се фокусираат на поддршка на инвестициите и конкурентноста на домашните компании. Клучни активности во оваа насока се и:

- даночниот систем преку даночната политика да обезбеди ниско ниво на даноци;
- ревидирање на царинската политика, низ призма на заштитната и развојната функција, со цел зголемување на конкурентноста на домашнате компании;
- целосна функционалност и поддршка од администрацијата и намалување на



бирократските процедури;

- интензивирање на изведување на јавните работи и ефикасна и непречена реализација на проектите во иднина;
- навремено сервисирање на обврските кон компаниите од страна на државата, општините и јавните претпријатија.

Дали сакаат и дали можат компаниите да инвестираат во услови на работење предизвикано од пандемијата?

Одговорот на овие прашања е потврден. И тоа не е базирано на лично мислење, туку на спроведената Анкета за планираните инвестиции на компаниите-членки на СКСМ во август оваа година. Во периодот 30 јули до 25 август 2021 год., Стопанската Комора ја спроведе втората анкета помеѓу своето членство на тема: "Инвестиции на компаниите членки на СКСМ во следните 12 месеци (септември 2021-август 2022 година)".

Во анкетата учество земаа 200 (микро, мали средни и големи) компании. 65% од нив беа во доминантно домашна сопственост, додека 35% од нив беа во доминантно странска сопственост и истите беа од повеќе сектори како што се градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, земјоделство и прехрамбена индустрија, финансиски организации и информатичко-комуникациски технологии. Повеќето од нив односно 73% се компании кои работат повеќе од 10 години. Од 200 компании, на 56% од анкетираните компании активностите им се насочени и дома и во странство, на 31% активностите им се насочени само во Македонија, а на 13% им се насочени во странство.

Во периодот септември 2021-август 2022 година, 94% од компаниите кои одговориле на анкетата, планираат инвестиции. Вкупниот планиран износ на инвестиции на овие компании изнесува 600 милиони евра. Според видот на инвестициите, најголем број од анкетираните компании планираат инвестиции во машини и опрема (35%), во информациско-комуникациска технологија и опрема и софтвер (25%), истражување и развој (15%), згради и земјиште (15%), додека 10% од

компаниите планираат инвестиции во други капитални инвестиции.

Во однос на 2019 година, како последна споредбена година пред ковид пандемијата, 75% од компаниите се изјасниле дека планираните инвестиции во следните 12 месеци се повисоки. 37,5% од компаниите изјавиле дека зголемувањето во однос на 2019 ќе биде повеќе од 51%.

Реализацијата на планираните инвестиции најмногу ќе придонесе за следниве ефекти: зголемен промет (79,%), зголемена добивка (75%), отворање на нови работни места (73%), зголемено производство (69%) и зголемување на извозот (52%).

Најголем број на компании (63%) се изјасниле дека сложената и неефикасно применувана регулатива и високите трошоци (парафискални давачки, дозволи и слично) се најголеми ограничувачки фактори за реализација на планираните инвестиции.

Постои побарувачка за инвестиции од страна на фирмите во Р. Северна Македонија, што е првиот важен услов за инвестирање. Но, за да се реализираат овие инвестиции, освен определбата на компаниите, потребно е и другите чинители да го поддржат овој процес: Владата, ЕУ, финансиските институции, администрацијата итн.

Кога станува збор за регионот, значајно е да се реализира најавеното создавање на регионален пазар за привлекување на инвестиции во рамките на "Отворен Балкан". Здружувањето на Македонија, Србија и Албанија, а зошто не и на други земји подоцна, и создавањето на единствена платформа за привлекување на инвестиции, ќе го зголеми интересот на странските фирми заради поголемиот пазар и понудата на работна сила, но и ќе ја елиминира меѓусебната конкуренција која постои и во одредени случаи предизвикува плаќање на прекумерни субвенции за да се привлече одредена инвестиција. Иницијативите за намалување на парафискалните и скриените давачки при преносот на стоки преку граница е исто така од големо значење за конкурентноста на трите инволвирани економии.

За подобрување на конкурентноста на економијата, главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што тој може да создаде економска благосостојба и нови работни места на долг рок. Сепак, стабилното макроекономско окружување е значајно, со цел да се одржи довербата на инвеститорите и претприемачите. Инвестирањето и развојот на претпријатијата, поддржан со финансиски средства соодветни на нивните потреби мора да биде поддржано од институциите, согласно објективните пазарни критериуми и ефикасно дејствување на правдата.

# ПОТРЕБНИ ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ЗА ДА СЕ СТИМУЛИРА ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ



Јакнењето на капацитетите и конкурентноста на компаниите членки е една од основните заложби на Стопанската комора, како најстара и најбројна бизнис асоцијација во земјата. Во рамки на таквите заложби, имплементираме проекти кои се од интерес за бизнис заедницата со цел да овозможиме поддршка на конкретни економски сектори и на компаниите да ги унапредат работните процеси, да ги развиваат нивните технолошки и кадровски капацитети и да креираат иновативни производи и услуги кои се потребни и ги исполнуваат условите за пласман на европскиот пазар.

Градежниот сектор е еден од двигателите на македонската економија што опфаќа 7,2 % од активните деловни субјекти и 6,7 % од вработените лица во државата. Покрај директното влијание врз економијата, градежништвото повлекува ангажман на уште дваесетина други стопански гранки. Проектите како "SeetheSkills" кои го таргетираат градежниот сектор и кои имаат за цел да ја стимулира побарувачката за енергетски ефикасни вештини во секторот, придонесуваат за развојот на одржливо и конкурентно градежништво кое носи многу придобивки за стопанството, државата и општеството.

Проектот „SEEtheSkills" ќе се реализира во наредните три години, во партнерство со 10 партнери од 5 земји: Северна Македонија, Словачка, Словенија, Шпанија и Холандија, а Стопанската комора на Северна Македонија е главен имплементациски партнер. Целта на проектот е да се постигне поголема видливост, пристап и препознавање на енергетските вештини меѓу партнерските земји, преку нивно вкрстено валидирање засновано врз резултатите од учењето, а притоа користејќи нов 3В пристап (видливи, валидирани, вреднувани) за директно стимулирање на побарувачката за енергетски ефикасни вештини во градежниот сектор на пазарот.

Важечката правна рамка со која се регулира и дефинира поимот на „енергетски ефикасно градење" во нашата држава е Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на РСМ" бр. 32/2020 и 110/2021) е донесен претходната година и со него се транспонираат одредбите од Директивата 2012/27/EU за енергетска ефикасност и Директивата 2010/31/ЕС за енергетски карактеристики на зградите на Европската Унија. Самиот закон го дефинира поимот „енергетска ефикасност" како сооднос помеѓу остварениот корисен учинок и внесот на енергија за остварување на тој корисен учинок. Законот ги дефинира и поимите „енергетска карактеристика на зграда", „сертификат за енергетски карактеристики", „енергетска контрола" и притоа, законот прави дистинкција помеѓу 1) енергетската ефикасност во јавниот сектор, 2) енергетската ефикасност при пренос, дистрибуција и снабдување со енергија и 3) енергетска ефикасност на згради. Меѓутоа, Законот не го дефинира поимот „енергетски ефикасно градење." Оттука, може да

се согледа дека во рамки на важечката регулатива отсуствува конкретна дефиниција на поимот енергетски ефикасно градење и истото се поврзува со високоградбата како еден сегмент од градежништвото, односно со зградите како објекти од високоградбата, додека барањата за ефикасност на зградите се подетално уредени со Правилник за енергетски карактеристики на зградите.

Политиката на енергетската ефикасност согласно важечките прописи претставува составен дел од политиките од областа на енергетиката, економијата, одржливиот развој и заштитата на животната средина и се спроведува преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата.

Според тоа, енергетски ефикасното градење во моментот е дел од политиките во областа на енергетиката, а ресорно министерство во тој домен е Министерството за економија. Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите уште при подготовката на овој значаен закон, укажуваше дека регулативата која се однесува на енергетската ефикасност на зградите/објектите, вклучувајќи ги и инсталационите системи, би требало да биде во рамките на Законот за градење.

Според бизнис секторот, Законот за енергетска ефикасност треба да ја определи правната рамка и насоките на стратешко ниво, а во таа смисла треба да ги регулира и да наметнува обврски пред сé на субјектите од јавниот сектор, субјектите кои произведуваат, дистрибуираат и снабдуваат со енергија, произведуваат или продаваат производи кои трошат енергија, пружаат услуги за зголемување на енергетската ефикасност, „големи претпријатија", независно од кој сектор се, бидејќи истите се смета дека имаат особена општествена одговорност вклучително и во штедењето и ефикасното користење на енергијата, како и на државните органи по однос на донесување на стратегии, документи, и мерки за стимулирање на енергетската ефикасност и контрола на нивното спроведување.

Енергетска ефикасност на објектите кои се проектираат, градат и реконструираат, пак, независно од тоа дали се станбени или „индустриски и комерцијални", по примерот на некои држави од регионот (Хрватска), според бизнис секторот треба да биде регулирана во Законот за градење, како прашање што е во надлежност на Министерството за транспорт и врски, а деталите кои се однесуваат на оперативно ниво да се регулираат со подзаконски акти (правилници), со оглед дека постапките за донесување, изменување и дополнување на подзаконските акти согласно потребите и состојбите во практиката се поедноставни и се во надлежност на министерствата. Причина за тоа е што проектирањето, ревизијата, надзорот и градењето се уредени во Законот за градење, а контролата над работењето на учесниците во градбата ја вршат соодветни инспекциски служби во рамките на Министерството за транспорт и врски и единиците на локалната самоуправа.

Тргнувајќи од наведеното, со оглед дека веќе подолг период има најави за донесување на нов Закон за градење и подготвена е првична нацрт верзија, првата препорака е институциите во консултација со бизнис заедницата да ја разгледаат можноста прашањето за енергетски ефикасното градење да биде соодветно дефинирано и третирано во овој суштински пропис и во подзаконските акти за негова имплементација, со цел сите прашања кои го засегаат работењето на градежните компании да бидат систематизирани во еден правен акт, да се обезбеди негова доследна примена и на тој начин да се поттикне побарувачката за енергетски ефикасното градење.

# ЕБОР, ЕУ и Австрија финансираат енергетска ефикасност во Северна Македонија



**Кредит од €2 милиони за ПроКредит Банка за инвестиции во енергетска заштеда кај домаќинствата**

Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) обезбедува кредит од €2 милиони за ПроКредит Банка за кредитирање на домаќинствата за инвестиции во енергетска ефикасност. Кредитната линија е дел од програмата Финансиска програма за зелена економија (Green Economy Financing Facility - GEFF) .

Средствата ќе бидат достапни на физички лица за инвестиции во мерки за заштеда на енергија, како што се изолација, прозорци, пумпи за загревање, соларни панели, итн. Инвестициите ќе придонесат во подобрување на енергетската ефикасност на станбените згради, помагајќи да се намали емисијата на гасовите кои креираат ефект на стаклена градина, и ќе го подобрат квалитетот на живот на сопствениците на домаќинствата. Откако мерките ќе бидат успешно применети, кредитобарателите ќе можат да добијат грант до 20 отсто од вредноста на кредитот, што претставува поддршка финансирана од Европската Унија (ЕУ) .

Финансирањето во износ од €135 милиони е обезбедено преку ГЕФФ Програмата за Западен Балкан, која е кофинансирана од ЕУ, Инвестициската програма за Западен Балкан (ИПЗБ) и Австриското федерално Министерство за финансии, и е дел од Регионалната програма за енергетска ефикаснсот (РПЕЕ) за Западен Балкан. Целта на програмата е да се поддржи регионот, познат по високиот енергетски интензитет, да се подобри енергетската ефикасност кај домаќинствата, кои се едни од најголемите потрошувачи на енергија.

Јурген Ригтеринк, Првиот Подпретседател на ЕБОР и Главен на Групацијата за услуги кон клиенти изјави: „Среќни сме што ја продлабочуваме соработката со нашиот партнер ПроКредит Банка Македонија, со потпишување на уште еден договор од ГЕФФ програмата. Присаството на овој производ на пазарот го зголеми интересот на локалните домаќинства за важноста на инвестициите од енергетска ефикасност за нивните домови. Средствата од оваа нова кредитна линија ќе бидат достапни до уште повеќе домаќинства, намалувајќи ја нивната потрошувачка на енергија и придонесувајќи кон подобар квалитет на воздух во нивните домаќинства."

Стефен Худолин, Раководител на Одделот за соработка, од Делегацијата на Европска Унија во Северна Македонија изјави: „Заштедата на енергија денес, е заштеда за нашата иднина. Заради тоа користиме практични начини, достапни за граѓаните, за да ја имплементираме Зелената агенда и да обезбедиме финансиска поддршка на станбениот сектор. Ова ќе разреши дел од финансиските бариери за подобрување на енергетската ефикасност."

# ПЕЧАТНИЦАТА „КИРО Д. ДАНДАРО“ ОД БИТОЛА СО ИНВЕСТИЦИЈА ОД 1.600.000 ЕВРА




Печатницата „Киро Д. Дандаро“ ја претставува графичката индустрија во Републиката. Со примена на современите принципи на работење и на најсовремената технологија, ја потврди сопствената лидерска позиција, како на територијата на нашата држава така и пошироко, на територијата на повеќе балкански и светски држави, со што стана пример за една од најуспешните деловни приказни.

Како и многупати досега во својата богата историја така и денес, Печатницата „Киро Д. Дандаро“ од Битола и нејзиниот менаџмент, на чело со генералниот директор, г. Драги Милошевски, со успешното менаџирање и со тимот изграден од професионалци не само што успеаја да ја задржат лидерската позиција на пазарот туку со своето совесно и одговорно однесување и со професионалниот однос кон потрошувачите станаа пример за успешна компанија. А само оваа година во споредба на минатат извозот е зголемен за повеќе од 54 %

Печатницата „Киро Д. Дандаро“ располага со најсовремена технологија, ги следи достигнувањата на европско и на светско ниво во графичката индустрија, користејќи високософистицирана комбинација на технологии.

Најновата инвестиција на Печатницата АД „Киро Дандаро“ – Битола, во износ од 1.600.000 евра, е флексо-машина во 8 бои од германскиот производител BOBST (Fiser&Kreke), која ќе започне со монтажа на 9.9.2021 (петок). Карактеристиките на оваа машина се: брзина која е 400 метри во минута, над 30 % зголемување на сопствениот капацитет, современа автоматика и квалитет со импозантни резултати. Од оваа компанија најавуваат дека ќе продолжат со инвестициите бидејќи инвестициите во нови машини ќе овозможат подобрување на ефикасноста на компанијата, заштита на животната средина и висока култура во деловното работење.



video
example
software
easily
participant
electronic
time
teaching
information
courses
term online
education
social
content
objects
assessment
student
online
web
example
E-LEARNING
knowledge
computers
internet software
support
virtual
electronic
system
work
cost
elearning
example
assessment
classroom
system
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
14.09.2021

# НАПРЕДЕН MICROSOFT POWER POINT ЗА ДЕЛОВНИ КОРИСНИЦИ

На онлајн семинарот ќе се обработува користењето на програмот Microsoft PowerPoint кој е дел од програмскиот пакет за канцелариско работење Microsoft Office.

Семинарот ќе се реализира преку практично работење на која се изучуваат сите опции од програмот. Учесниците на онлајн семинарот ќе се здобијат со практични знаења од областа на програмот Microsoft PowerPoint и ќе научат практично да ги користат сите опции и да изработуваат најразлични презентации.

За учество на онлајн семинарот неопходно е да имате компјутери на кои е инсталиран програмот Microsoft PowerPoint. Ќе се работат голем број практични вежби смислени специјално за потребите на програмата.

**Предавач:** Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот "Свети Апостол Павле" во Охрид и на Економскиот факултет на Универзитетот во Валенсија, Шпанија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Успешно раководи со првата бизнис клиника во нашата земја "Business Clinic DB".

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Конференција**
**15.09.2021 - 16.09.2021**

# “ГРАДЕЖНИШТВОТО И ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“



Во име на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) во рамки на проектот „EU support to the WB6 CIF“, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина во соработка со стопанските комори од регионот (вклучувајќи ја и Стопанската комора на Северна Македонија) и Европската мрежа на претприемачи Ве поканува да земете учество на регионалната конференција и виртуелните бизнис средби на тема “Градежништвото и инфраструктурата во Западен Балкан“ кои ќе се одржат на 15 – 16 септември 2021 година.

Настанот ќе биде отворен за шесте економии од Регионот на Западен Балкан: Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија и истиот има хибриден и регионален карактер со фокус на градежништвото и индустријата на градежни материјали, но и поврзаните економски сектори и потсектори: обработка на метали и дрво, обновливи извори на енергија, рециклирање и други.

Главната цел на настанот е вмрежување и унапредување на можностите за соработка помеѓу деловните субјекти од земјите во Западен Балкан и промоција на тековни и претстојни проекти во областа на градежништвото и поврзаните сектори. Учество ќе земат стопанственици, експерти од релевантни институции и министерства, претставници на академската заедница и невладини организации.

**М-р Нена Николовска**
**++ 389 2 3244054**
**nena@mchamber.mk**

Семинар
17.09.2021

# Еднодневен семинар: ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Со стапувањето во сила на Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ, бр. 42/2020), започна периодот на транзиција на компаниите за да ги приспособат системите за заштита на личните податоци на новите правила и начела што ги поставува новиот закон.

Законот за заштита на личните податоци, нуди заштита на личните податоци на сите физички лица чии што лични податоци една компанија ги обработува. Помислата секогаш не води кон заштитата на личните податоци на нашите клиенти, соработници, посетители, итн., но тука спаѓаат и личните податоци на нашите вработени. Како вработените лица се однесуваат во улогата на субјекти на лични податоци, а како работодавачите да се однесуваат како контролори?

На оваа обука, посетителите ќе се стекнат со знаење за тоа како работодавачите - контролори треба да го постават системот за заштита на личните податоци кој ќе ги опфаќа и личните податоци на своите вработени. Кои лични податоци смеат да ги обработуваат, во колкав обем, врз база на кој законски основ, колку време смеат да ги чуваат и слично. Дали можат да се потпрат на согласноста во работните односи? Како да им овозможат на своите вработени да си ги остваруваат своите права како субјекти на лични податоци? Како да се постават во однос на кандидатите за вработување?

По завршување на обуката, слушателите ќе се стекнат со конкретни знаења и вештини за обработката на личните податоци на вработените и каниддатите за вработување.

**Предавач:** Емилија Ангеловска, CIPP/E, CDPO, ISO27001 Lead Auditor – консултант за заштита на лични податоци во Инфиго ИС.

**Контакт лица:**
**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Семинар**
**21.09.2021**

# МАГАЦИНСКОТО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ НИЗ ПРИЗМА НА ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЗРАЗЕНО ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И ПРИМЕНА НА МСС СТАНДАРДИТЕ

Целта на семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на Законската регулатива, МСС и нивно спроведување во магацинското и материјалното работење, оформување документација, прием, издавање и евидентирање на истото, изготвување на калкулации и попис.

**Предавач:** - Зоран Лазароски, дипломиран економист специјалност финансии и сметководство, со 30-годишно искуство во областа на финансиското работење.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**22.09.2021 - 23.09.2021**

# УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ

Развојот на софтвер претставува двигател за развој, иновации и конкурентност. Во изминатите години развојот на софтвер ја издигна ИТ индустријата, а голем дел од компаниите се фокусираа и кон извоз на софтвер и ИКТ услуги и надвор од границите на домашната економија. Оттука целосниот процес на развивање на софтверско решение е од особена важност за да се осигура испорака на производ кој има голема вредност за клиентот и корисниците, гарантирајќи дека се запазени сите фази и чекори од генерирање на барањето со потребните функционалности, до развој, тестирање и испорака до клиентот.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 22 и 23 септември 2021 година организира дводневен „онлајн" семинар на тема: „УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ".

Во рамки на семинарот ќе биде разгледан конкретен развој на нови или измена на постоечки софтверски решенија. Детално ќе бидат разработени сите процеси кои се важни како што се процесот на управување со измените (развој), тестирање и пуштање во продукција. Накратко ќе биде анализирана врската помеѓу овие процеси со други значајни ИТ процеси како што се управување со настани, инцидентни, проблеми итн. Ќе бидат обработени и барањата и одговорностите кои се неопходни за да би се овозможила независност при развој, тестирање и пуштање во продукција

Предавач:
Лука Милинковиќ, ИТ-ревизор во „НЛБ Банка"-Белград,

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
23.09.2021

# НАПРЕДНИ ПИВОТ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ВО ЕКСЕЛ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме пивот табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Саем 28.02.2022 - 02.03.2022

# Саемска манифестација: „International Food and Drink Event (IFE)“

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем International Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

**Предности зошто да учествувате на саемот**

Учество на 1000 малопродажни купувачи. Пазарот на мало предвидено е да порасне за 10 % во следните 3 години. IFE има моќ за привлекување на сите најголеми трговци на мало во Велика Британија.

Сериозност во деловните потфати. Изложувачите на IFE 2019 се очекува во просек да генерираат 223.000 фунти од деловното работење, засновано врз состаноците и врз првичните разговори што се одржаа.

Седум настапи во еден. Предвидено е да се обединат IFE Manufacturing Solutions; The Hotel, Restaurant & Catering Show; The London Produce Show; European Coffee Expo; The UK Pub Show, како и Festival of Enterprise, креирајќи годишен настан за храна, пијалаци и за услуга каде што е сѐ на едно место. Се очекува повеќе од 2 000 изложувачи да ги презентираат своите производи и услуги со повеќе од 45.000 присутни.

IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија. Главни спонзори на настанот се Одделот за животна средина и рурални работи и Одделот за меѓународна трговија, притоа поставувајќи го настанот високо на агендата на прехранбената индустрија во Велика Британија.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

Подетални информации во врска со настанот можете да најдете на нивната официјална веб-страница: https://www.ife.co.uk/.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :

- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете не' на веб-порталот:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99
години
Основана 1922

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел.: : (02) 3244032, stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088